Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-336/7

03-07-2025 година

Постапувајќи по Одлука за поведување на постапка по службена должност бр. 08-336/2 од 25.4.2025 година за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 27.6.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Министерство за правда врз јавнообвинителските службеници врз основа на возраст во областа на работата и работните односи.

## Образложение

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по допрен глас, доби информација дека на јавнообвинителските службеници им престанува работниот однос со навршување на 64-годишна возраст, без можност за негово продолжување, дури и во случаи кога лицето сè уште нема остварено најмалку 15 години пензиски стаж – услов потребен за стекнување право на старосна пензија. Во таа смисла, член 114 став 1 алинеја 6 од Законот за јавнообвинителска служба предвидува дека на јавнообвинителскиот службеник му престанува работниот однос по сила на закон кога ќе наврши 64 години старост. Согласно член 18 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж. Дополнително на ова, согласно член 104 од Законот за работните односи, работниот однос престанува кога вработениот ќе наполни 64 години возраст и ќе има најмалку 15 години пензиски стаж, освен ако со друг закон не е поинаку определено. Со измена на членот 104 на Законот за работни односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21), укината е можноста за продолжување на договорот за вработување до 67 години возраст и ограничувањето за работа по 67 години. Меѓутоа за престанок на работниот однос, останува кумулативноста на условите за возраст и пензиски стаж,што значи дека ако еден од нив не е исполнет, на работникот не може да му престане работниот однос.

Поради сето наведено, Комисијата оцени дека погорецитираната законска одредба од Законот за јавнообвинителска служба може да доведе до економска и социјална несигурност и да резултира со нееднаков третман врз основа на возраст, особено во однос на други категории вработени кај кои постои можност за продолжување на работниот однос до исполнување на условите за пензија.

Од таа причина, на ден 25.4.2025 година донесе Одлука за поведување на постапка по службена должност бр. 08-336/2.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 29.4.2025 година испрати Известување за произнесување до Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, заведено под архивски број 08-336/3.

На ден 8.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување од страна на Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, заведено под архивски број 08-336/4.

Наведено е дека Јавното обвинителство на Република Северна Македонија смета дека не постои основ за поведување на постапка по службена должност од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Во таа насока, наведено е дека Јавниот обвинител на Република Северна Македонија имал донесено неколку решенија согласно член 114 став 1 алинеја 6 од Законот за јавнообвинителска служба, од кои вработените не биле задоволни и повеле судска постапка пред надлежните судови. Постапките пред Основните и Апелационите судови завршувале со правосилни пресуди во корист на Јавното обвинителство, со образложение дека не можеле да се применуваат одредбите од Законот за работни односи, од причина што истиот е lex generalis, додека Законот за јавнообвинителска служба е lex specialis.

Во прилог на произнесувањето беше доставена Пресуда РО бр.111/23 од 25.1.2024 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.5.2025 година испрати Известување за произнесување до Министерството за правда, заведено под архивски број 08-336/5.

На ден 17.6.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Известување од страна на Министерството за правда со бр. 08-336/6.

Се известува Комисијата дека со оглед на тоа дека било во тек изготвување на ново законско решение, односно Предлог – Закон за јавнообвинителска служба, Одлуката на Комисијата ќе била проследена на запознавање со претседателот и членовите на

работната група формирана од министерот за правда, која работела на изменување и дополнување на досегашните законски одредби со цел да се изготви подобро законско решение, кое ќе придонесе за економска и социјална сигурност.

**Поради сето горе наведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пронајде дека станува збор за сторена индиректна дискриминација од страна на Министерството за правда врз јавнообвинителските службеници, која произлегува од член 114 став 1 алинеја 6 од Законот за јавнообвинителска служба.**

Во таа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други"*.

Индиректната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни"*.

**Со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** *„се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост,* ***возраст****, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*

**Во конкретниот случај, со член 114 став 1 алинеја 6 од Законот за јавнообвинителска служба се предвидува престанок на работен однос по сила на закон со навршување на 64 години возраст, без притоа да биде предвиден дополнителен услов за пензиски стаж од најмалку 15 години, како што е предвидено во други сектори од јавната администрација, како на пример во член 98 став 5 алинеја 6 од Законот за административните службеници. Во таа смисла, одредбата навидум неутрална, всушност произведува нееднаков и дискриминаторски третман кон јавнообвинителските службеници кои се ставени во понеповолна положба за разлика од други службеници вработени во други институции во јавниот сектор,**

**коишто се на иста возраст – 64 години, но имаат можност за продолжување на работниот однос до исполнувањето на условот од 15 години пензиски стаж за стекнување на правото на пензија. Условот за автоматски престанок на работниот однос без да се исполнат условите за пензија не е пропорционален, бидејќи предизвикува социјална несигурност и создава нееднаквост во однос на други категории на работници.**

**Комисијата во конкретниот случај цени дека таквото законско решение ги става во понеповолна положба јавнообвинителските службеници, а особено се погодени категориите на лица кои поради системски или лични околности се вработиле подоцна и од таа причина не можеле да го исполнат законски предвидениот минимум од 15 години за стекнување на правото на пензија, лица кои се вратиле од странство и лица со прекини во стаж. Оттука, овие категории на лица се ставени во економски и социјална понеповолна положба за разлика од други вработени службеници во јавниот сектор.**

**Во смисла на горе наведеното, овој нееднаков третман не произлегува од природата на работата, ниту од посебна службена потреба, туку е резултат на недоследна законска регулатива.**

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, за цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

1. Се препорачува Министерството за правда, како предлагач на Законот за јавнообвинителска служба, во рок од 90 дена од приемот на ова мислење да ја усогласи одредбата со останатите важечки релевантни законски прописи и да се предвиди условот за престанок на работен однос со навршување на 64 години и 15

години пензиски стаж, со цел да се обезбеди еднаков третман и правна сигурност на вработените во јавнообвинителската служба, и за истото писмено да ја извести Комисијата.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Министерсво за правда, ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, 1000 Скопје
- Јавно обвинителство на РСМ, Кеј „Димитар Влахов“ бб, 1000 Скопје